Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 75, 1 март 2012 година

март 2012 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научната област максилофацијална хирургија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научно поле/област клинички медицински науки на Факултет за медицински науки при Универзитет„Гоце Делчев“ - Штип ........ 9

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област преработка на анимални производи на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 19

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област геотектоника и регионална геологија на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 26

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник - во звање асистент за научната уметничка област музички форми со анализа на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 31

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Пијанистички техники“ од авторот доцент м-р Татјана Џорлева од Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 36

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебно помагало/скрипта „Џез саксофон – практика и вежби“ од доцент м-р Георги Мицанов, Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 38

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Скрипта по предметот оркестар на народни инструменти 1“ од м-р Марјан Јанкоски, доцент на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 40

**ИЗВЕШТАЈ** од Комисијата за утврдување на подобност на темата и оспособеноста на кандидатот за научна работа ........ 42

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски труд одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 48

**ПРИГОВОР** од кандидатката Весна Танчева ........ 49

**ОДГОВОР** на приговор од кандидатката Весна Танчева ........ 50

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## ОДГОВОР НА ПРИГОВОР ОД КАНДИДАТКАТА ВЕСНА ТАНЧЕВА

Доставен до Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип на 22 февруари 2012 година.

Врз основа на Одлука бр.2602-224/7 од 3.10.2011 година, донесена на 61. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, одржана на 3.10.2012 година, распишан е Конкурс за избор на соработничко звање асистент за научната област ***хотелиерство***.

Рецензентската комисија, во состав: доц. д-р Нако Ташков, доц. д-р Златко Јаковлев и доц. д-р Никола Димитров, внимателно ги разгледа пристигнатите документи на сите кандидати и постапи согласно со законски пропишаните услови за избор во соработничко звање асистент за научната област ***хотелиерство***.

Имено, на објавениот Конкурс беа пријавени три кандидатки: м-р Тања Ангелкова, д-р Весна Танчева и м-р Верица Бабамова.

Комисијата разгледувајќи ги досиејата на кандидатките, ценејќи ги условите од Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставно-научно звање, констатира дека кандидатката Тања Ангелкова ги исполнува потребните услови за асистент по хотелиерство.

На Одлуката од Комисијата приговараше кандидатката Весна Танчева. Комисијата констатира дека Весна Танчева не е соодветна според Конкурсот на наведената научна област хотелиерство за која се врши изборот. Имено, Весна Танчева не е магистер или доктор по хотелиерство за кој треба да се изврши избор, туку е магистер од областа на туризам и угостителство, и доктор по економски науки.

Наспроти ова, избраната кандидатката Тања Ангелкова е магистер по економски науки од областа на туристички и **хотелски** менаџмент, и според објавениот Конкурс од научната област хотелиерство ги исполнува условите. Покрај наведеното, при изборот Комисијата се водеше и од констатацијата дека кандидатката м-р Тања Ангелкова е веќе вработена на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип. Тања Ангелкова во континуитет работи повеќе години, прво како волонтер, а потоа како помлад асистент. Ангелкова професионално ги врши работните обврски во наставниот процес, вонnаставните активности (организирање на изложби, реализација на теренска настава, изработка на прашалници, анкети, организирање и спроведување на феријална пракса и др.), учествува во научноистражувачки и апликативни проекти и сл.

Оттука произлегува констатацијата дека **Комисијата по извршениот увид основано го направи изборот на м-р Тања Ангелкова**.

**Штип, 29.2.2012 година**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Доц. д-р Нако Ташков, претседател, с.р.**
**Доц. д-р Златко Јаковлев, член, с.р.**
**Доц. д-р Никола Димитров, член, с.р.**